Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14 и 44/15 ) како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **донесе:**

# О Д Л У К А

## За организирање на Јавен увид и Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички План за Село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров-Скопје

**ч л е н 1**

Со оваа одлука се организира **Јавен увид и Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички План за Село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров-Скопје, а врз основа на Одлука за спроведување на стратегиска оцена на влијание врз животната средина донесена од Градоначалник** број 08- 407/1 од 31.01.2014год.

**ч л е н 2**

Известувањето за организирање на **Јавен увид и Јавна расправа** ќе биде објавено во Јавното гласило **„Утрински весник**“ и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров **www.opstinagpetrov.gov.mk.во рок од пет работни дена од донесување на оваа Одлука.**

**ч л е н 3**

**Заинтересираната јавност , невладини организации , граѓани и правни лица, можат да достават свои мислења до општината во рок од 30 дена** од денот на објавување на Известувањето во јавното гласило и објавата на Извештајот на веб страната на општината.

**ч л е н 4**

**Јавна расправа** ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци) на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје

**ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 09-1897/1**
**Од 06.07.2015 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**